**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Ј.У. Детски дом “11 Октомври“-Скопје**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2022 ГОДИНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДРШКА НА ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА

**Скопје, Јануари 2022**

**Содржина**

Вовед ........................................................................................................................................
2. Законски надлежности и внатрешна организација на работа ..........................................

3.Цели за развој на центарот за поддршка на згрижувачките семејства...............................

4. Активности на центарот за поддршка на згрижувачките семејства ...................................

- Промоција на Центар за поддршка на згрижувачки семејства ..................................
- Анимирање на згрижувачките семејства и проценка на потенцијалните нови згрижувачки семејства
- згрижувачките семејства
- поддршка на сместените корисници во згрижувачко семејство и увид во квалитетот на грижа и исполнетоста на стандардите за заштита
- избор на згрижувачко семејство и планирање на услугата и мерки на заштита

5. Развој и унапредување на згрижувањето.....................................................................
6. Просторно – технички капацитети...............................................................................

7. Структура на кадарот /кадровски капацитети и стручно усовршување на кадарот ..........
8. Соработка со заинтересираните страни и развој на мрежата на соработка ......................

9. Интерна контрола на вработените..............................................................................

10. Издавачка дејност.....................................................................................................

11. Евиденција и документација.....................................................................................

12 Финансирање /спроведување на план за јавни набавки ....................................................

13. Очекувани резултати и можни ризици................................................................

## Вовед

Програмата за работа на Центарот за поддршка на згрижувачките семејства кој е во рамки на ЈУ Детски дом 11 Октомври, Скопје е подготвена согласно важечките законски и подзаконски акти кои се однесуваат на заштита на децата без родители и родителска грижа. При изготвување на програмата се земени во вид и Националната стратегија за деинституционализација на Република Северна Македонија 2018-2027 и други национални и меѓународни документи како што се:

- Конвенцијата на ОН за правата на детето;
- Водичот на ОН за алтернативна грижа за деца;
- Законот за семејство на РСМ;
- Стандарди и процедури за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство.

## 2. Законски надлежности и внатрешна организација на работа

Согласно член 111 од Законот за социјална заштита Центарот за поддршка на згрижувачките семејства ги спроведува следниве активности:

- прави проценка на општата подобност и обука на потенцијалните згрижувачките семејства
- подготовка на идните згрижувачки семејства
- учествува во  избор на згрижувачко семејство како дел од процесот за сместување на корисник,
- учествува во планирање на услугите и мерките на заштита на згрижувачкото семејство,
- презема активности за популаризација на згрижувањето и развој на мрежа на згрижувачки семејства
- ги следи и поддржува сместените лица и згрижувачките семејства
- превзема активности за поддршка во процесот на подготовка на корисникот за изелгување од системот на социјална заштита или промена на услугата
- информирање, промовирање, учествува на семинари и сл.
- води регистар – база на податоци за згрижувачките семејства

**Мисија**

- Мисијата на Центарот е да развие доволна мрежа на згрижувачки семејства и на тој начин да создаде услови децата без родителска грижа да живеат во семејно опкружување што ќе им обезбеди поддршка и стимулации за оптимален развој на нивниот потенцијал, можност да ја обликуваат својата иднина и да станат активни членови на општеството.
- Зајакнување на компетенциите на згрижувачките семејства, поттикнување на развојот на згрижувачки семејства ќе се обезбеди со спроведување на дефинирани стандарди за заштита на децата, воспоставување услови за регрутирање, проценка и избор на компетентни згрижувачки семејства, континуирано згрижување и воспоставување системи за контрола и поддршка на згрижувачки семејства.

## 3. Цели за развој на центарот за поддршка на згрижувачките семејства

Во овој дел се наведени општата и посебните цели на Центарот кои треба да се постигнат преку реализирањето на активностите.

### ОПШТА ЦЕЛ

Основна цел , кон која ќе се насочи Центарот за поддршка во текот на 2022 година е да продолжи да ја развива и задржи веќе воспоставената добра пракса во поглед на квалитетно пружање на услугата, а со тоа и развивање и зачувување на квалитетот на животот на корисниците сместени во згрижувачко семејство. Воедно, унапредувањето и јакнењето на вештините на згрижувачите како клучни фактори во системот на услуги.

### СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

Центарот ќе работи во согласност со законските и подзаконските акти кои ја регулираат услугата за сместување во семејство.

Вработените во Центарот ќе се придржуваат кон сите пропишани мерки во врска со актуелната ситиација со COVID19 и ќе ја прилагодиуваат својата работа и активности во

согласност со порпишаните мерки, грижејќи се за здравствената безбедност на сите актери.

Центарот во текот на 2022 година ќе се насочи и кон подобрување на кадровските капацитети но и подобрување на техничките услови во насока на остварување на сите програмски цели и активности. Во континуитет ќе се следи состојбата со згрижувачките семејства во одделени региони во насока на понатамошно развивање на конкретни програми. Воедно, Центарот ќе продолжи и понатаму да воспоставува одржлива соработка со установи и институции од системот на социјална заштита како и со други системи и занитересирани страни.

Посебно внимание во текот на 2022 година Центарот ќе посвети кон развивање на мрежа на згрижувачки семејства кои може да одговорат на различни потреби за згрижување за секој од регионите кои се во надлежност на Центарот, засебно.

## 4.Активности на Центарот за поддршка на згрижувачките семејства

Центарот со своја работа, официјално започна на 26.07.2021 година. Од тогаш Центарот активно работи на реализација на планираните активности и својата мисија. За периодот од неговото официјално започнување со работа Центарот оствари и презвзема низа на активности кои беа зацртани со програмата за работа на истиот.
Центарот за поддршка на згрижувачките семејства согласно законските надлежности своите активностите во 2022 година ќе ги насочи кон:

- **Промоција на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства**

Се планира во текот на 2022 година да се продолжи со промовирање на работата на Центарот преку средствата за јавно информирање, да отвори своја website и истиот во континуитет да го ажурира со нови содржини. Во тој контекст да се воспостави соработка со медиумите како пишани така и електронски во насока на промовирање на некои актуелни содржини и настани во Центарот. Промоцијата на Центарот ќе се врши во склад, и со одобрување како и насоки од страна на надлежното Министерство за Труд и социјална политика.

- **Анимирање на згрижувачки семејства и проценка на потенцијални нови згрижувачки семејства**

Во текот на годината ќе се реализираат активности кои ќе се однесуваат на запознавање и анимирање на јавноста за услугата згрижување во згрижувачко семејство. За спроведување на оваа активност потребен е претходно изготвен план на активности кои пред се ќе биде во склад со актуелната состојба со КОВИД 19. Во планот како и стратегијата за развивање на мрежата на згрижувачките семејства ќе се содржи изработка на пропаганден материјал за организирање на кампањи.

- **Згрижувачки семејства**

Во однос на згрижувачките семејства во текот на годината активностите за средување и изготвување на досиеата за секое згрижувачко семејство, нивно запознавање од страна на вработените преку непосредни увиди и средби во центарот ќе продолжи. За реализирање на оваа активност вработените во соработка со претпоставените ќе изготват план за реализација со динамика и рокови.

Постоечките и новите згрижувачки семејства редовно се евидентираат во електронската евиденција изготвена од страна на Центарот како и во деловодна книга за влез и излез на документи.

Центарот ќе изготви и Програма за подготовка, проценка и обука на потенцијалните згрижувачки семејства за 2022 година врз основа на која ќе се испорачува обука на потенцијалните згрижувачки семејства, а воедно во континуитет Центарот ќе испорачува обуки на веќе постоечките згрижувачки семејства како дел од процесот на јакнење на нивни вештини со цел обезбедување на поквалитетна грижа за сместените корисници но и во насока на континуирана поддршка на згрижувачките семејства.

Стручните лица од Центарот пралелно ќе превземаат активности и за проценка на општата подобност на потенцијалните згрижувачки семејства. Од надлежните центри за социјална работа навремено и во целост да се доставуваат сите поднесени барања на заинтересирани идни згрижувачки семејства.

Покрај основни обуки кои ќе се испорачуваат согласно утврдената програма за сите заинтересирани односно идни згрижувачки семејства, Центарот планира и одржување на трибин/обуки на тема ,, СО СИГУРНИ ЧЕКОРИ ДО ЗГРИЖУВАЊЕ,, кои ќе имаат за цел анимирање на јавноста но и регрутирање на нови згрижувачки семејства. Планирано е овие трибини или обуки да се реализираат во регионите каде згрижувачките семејства ги

нема или пак се развиени во многу мал дури незначителен број. Планирано е овие трибини или обуки да се реализираат на територија на град Гостивар, Штип и Кратово. За реализација на истите ќе се соработува со општините на таргетираните градови како и со надлежните Центри за социјална работа. Како место на одржување се планира тоа да бидат простории кои ќе ни ги обезбеди општината на градот. Планирано е овие трибини да се реализираат за град Гостивар во периодот од Март до Април, за град Штип од Мај до Јуни и за Кратово од Септември до Октомври.

Во изминатиот период беа формирани и групи на згрижувачки семејства и тоа група на специјализирани згрижувачки семејства, група на згрижувачки семејства кои згрижуваат мали деца и општи згрижувачки семејства кои згрижуваат деца од различна возраст. Планирано е со истите да се продолжи со континуирани обуки согласно проценетите потреби за поддршка. Овие обуки ќе се реализираат во континуитет во текот на годината со однапред утврдена динамика.

Исто така да напоменеме дека активностите ќе се реализираат во склад со можностите на терен како и здравствената состојба на сите актери согласно пандемијата од КОВИД 19 и во тој контекст со почитување на сите мерки за заштита.

Конкретна динамика, теми број на опфат на учесници, број на групи како и методологија на реализација ќе биде детално разработена во програма за анимирање, промовирање и регрутирање на згрижувачки семејства како и во дел од програма за континуирани обуки на веќе постоечките згрижувачки семејства чија изработка е во тек.

| Р.бр | Група | Месец на одржување | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | |
| 1. | Опш. Гостивар | | | ✓ | ✓ | | | | | | | | | |
| 2. | Општина Штип | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| 3. | Општина Кратово | | | | | | | | | ✓ | | | | |

- **Поддршка на сместените корисници во згрижувачките семејства и увид во квалитетот на грижа и исполнување на стандардите на заштита**

Една од основните улоги и задачи на Центарот за поддршка е увид во условите и работата на згрижувачките семејства во склад со стандардите за згрижување како и пружање на поддршка на корисниците и на згрижувачкото семејство. Како и досега преку интензивна редовна комуникација, посети во нивните домови, се врши проверка на исполнетоста на стандардите за згрижување и се следи квалитетот на грижа и на тој начин се утврдуваат и потребите за понатамошна поддршка, давање на укажувања за подобрување и јакнење на нивните вештини и компетенции за обезбедување и давање на поквалитетна грижа за корисниците. Како дел од планираните активности е и понатамошното редовно информирање на надлежните центри за социјална работа кои преку извештаи или известувања се известуваат за констатирани состојби, потреба од повторна проценка поврзани со корисникот и слично, додека пак за згрижувачките семејства се доставуваат извештаи од извршена проценка на згрижувачко семејство или пак репроценка на неговата подобност како и други вонредни извештаи или известувања кои се однесуваат на потребите за поддршка, помош и заштита на сместениот корисник. Центарот располага со просторни услови за спроведување на индивидуална работа со корисник, услови за одржување на стручно консултативни и координативни средби, се со цел навремено реагирање и пружање на навремена помош на корисниците или згрижувачко семејство. Има можности за спроведување на едукативни активности како со корисниците така и со згрижувачките семејства.

Во однос на сместените корисници во згрижувачките семејства и во текот на 2022 година активностите ќе бидат насочени кон редовно средување на досиеата за секој корисник во згрижувачко семејство и запознавање со корисниците преку непосредни увиди во домот и средби во центарот. За реализирање на оваа активност вработените во соработка со претпоставените ќе изготват план за реализација со динамика и рокови.

- ✓ **Избор на згрижувачко семејство и планирање на услугата и мерки на заштита**

Избор на згрижувачко семејство и планирањето на услугата како и мерки на заштита тековно ќе се реализира и во текот на 2022 година. На претходно барање на Центар за социјална работа стручниот тим превзема активности за избор на згрижувачко семејство кое може согласно своите компетенции да одговори на потребите на корисникот.

Изминатиот период постапувано е по низа на барања за избор на згрижувачко семејство и истото успешно се реализираше во соработка со надлежните центри за социјална работа. Бројот на планирани сместувања беше скоро подеднаков со оние интервентни барања за сместување. Акцент ќе биде ставен на сензибилизирање на згрижувачките семејства за прифаќање на деца со пречки во развојот како и интервентно згрижување на деца на возраст од 0-3 години.

Планирање на услугата сместување и во текот на 2022 година ќе се одвива преку планирање на услугата за корисникот и згрижувачкото семејство, преку подготовка на згрижувачкото семејство за сместување, планирање на процесот на взаемно прилагодување, планирање на активности во текот на траење на згрижувањето, и утврдување на активности со сите чинители преку донесување на План за поддршка.

## 5. Развој и унапредување на згрижувањето во згрижувачки семејства

Во рамки на своите програмски активности на Центарот е и развојот и унапредувањето на згрижувањето во згрижувачки семејства. Со цел развивање на активности кои ќе се насочат кон развивање на оваа услуга и нејзино унапредување, Центарот ќе ги следи потребите на згрижувачите од сите региони каде се развиени. Преку програмата за континуирана обука за постоечките згрижувачки семејства ќе се работи на нивно зајакнување, јакнење и развивање на нови вештини, нивно активно вклучување како членови на професионалниот тим. Планирани се 8 обуки за сите постоечки згрижувачки семејства или пак 10 часа дополнителна едукација во текот на годината, а по потреба и повеќе за некои индивидуални случаи. Како што е погоре наведено овие континуирани обуки ќе се реализираат во текот на годината и чија динамика и начин на реализација детално ќе биде прикажана во самата Програма за обука и континуирана едукација.

## 6.Просторно -технички капацитети

Центарот се наоѓа на ул: Васил Ѓоргов бр. 25, во делот од објектот на ЈУ Детски дом 11 Октомври, Скопје.

Локацијата на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства е во населено место, со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, пристап до основните

служби (центар за социјална работа, предучилишни и училишни и здравствени институции), има можности за прифаќање и интегрирање во заедницата и остварување на редовни контакти со згрижувачите и сместените лица.

Објектот е приклучен на електрична, водоводна и канализациска мрежа, има одредена површина на дворно место и изведен приод до објектот кој овозможува непречен пристап за пешаци и возила.

Центарот за поддршка на згрижувачките семејства располага со

- простории за стручните лица
- просторија за индивидуална работа
- просторија за групна работа со корисниците
- кујна
- санитарна просторија
- игротека.

За непречено функционирање на центарот обезбедена е потребната опрема, инвентар неопходни за непречено реализирање на активностите.

## 7.Структура на кадарот /кадровски капцитети и стручно усовршување на вработените

За спроведување на програмата на Центарот за поддршка на згрижувачките семејства се вклучени 6 нововработени стручни лица (педагог,психолог ,социјални работници).
За сите стручни работници беше спроведена професионална обука, со цел да ги презентираат реалните потреби (особено од областа) за нови и пошироки знаења од областа на професионалната работа, и поуспешно да одговорат на потребите на децата и згрижувачите. Во таа смисла, стручните работници поминаа и почетна обука по сите почетни модули во процесот на лиценцирање од страна на Заводот за социјални дејности, но исто така и во континуитет ќе посетуваат обуки како дел од нивното континуирано професионално развивање кое ќе биде спроведено како од страна на Заводот за социјални дејности така и од страна на други организации.

## 8. Соработка со заинтересирани страни и развој на мрежата на соработка

За реализирање на своите програмски задачи Центарот за поддршка на згрижувачките семејства во текот на годината ќе соработува со бројни институции за да може да ги реализира своите активности. Пред се ќе биде фокусиран на соработката со центрите за социјална работа од регионот за кој е надлежен. Во текот на 2022 година во реализација на своите програмски актовности, Центарот ќе оствари соработка со локалните самоуправи кои се во негова надлежност, медиумите ,НВО и институциите на локално ниво и пошироко.

Со Министерството за труд и социјална политика и Заводот за социјални дејности активностите ќе бидат насочени кон стручна помош и поддршка за функционирање на центарот.

## 9.Интерна контрола на вработените

Во текот на годината интерната контрола на вработените ќе биде редовна активност во Центарот се со цел да се постигне квалитетот на услугите што треба да бидат реализирани. Интерната контрола на вработените ќе биде реализирана од страна на директорот и раководителот.

## 10.Издавачка дејност

Во текот на оваа година ќе се започне со изготвување на брошури, рекламен материјал кој ќе биде наменет за реализирање на активностите за анимирање на јавноста, промовирање и регрутирање на нови згрижувачки семејства.

## 11.Евиденција и документација

Во текот на годината вработените ќе продолжат со водење на евиденција и документација за згрижувачките семејства и сместените корисници согласно Законската регулатива и тоа:

- Досие за секое згрижувачко семејство
- Досие за секој сместен корисник

По изготвување на еден унифициран регистар односно база на податоци за згрижувачките семејства и сместените корисници ќе се врши внес на сите податоци и

истите редовно ќе се ажурираат, Засега ќе се продолжи да се врши внес на податоци и ажурирање на внесените податоци во електронска евиденција која е веќе изготвена и се води, а е согласно дадениот предлог на Образец за податоци за згрижувачки семејства и сместен корисник.

## 12. Финансирање/спроведување на јавни набавки

За реализирање на активностите Центарот ќе обезбеди средства согласно Финансискиот план, и ќе се грижи за навремено и реално планирање на средствата и доставување барања до Министерството за нивно обезбедување, како и оправдување на потрошени средства.

## 13.Очекувани резултати и можни ризици

Очекувано е во текот на 2022 година, Центарот пред се да го одржи и да го унапреди постоечкиот стандард за квалитет на работење, очекуваме промовиран Центар за поддршка на згрижувачки семејства, развиена мрежа на згрижувачки семејства и зголемен број на заинтересирани идни згрижувачки семејства, изработен регистар и база на податоци и евидентирани згрижувачки семејства и сместени корисници, лиценцирани вработени, континуирано унапредување на компетенциите на вработените, кадровска екипираност во смисла на зголемување на бројот на непосредни извршители, подобрени технички услови односно, обезбедено возило за извршување на предвидените програмски активности.

Како можни ризици кои би влијаеле на реализацијата на програмските активности се непочитување на роковите во делот на соработката со ЦСР, немање технички предуслови за работа (возило), недоволен обем на средства. Исто така како можен ризик би можеле да го наведеме ограничениот односно постоечки број на извршители, односно стручни работници, ако очекуваме зголемен број на заинтересирани згрижувачки семејства, а кое ќе бара истовремено активности во различни подрачја и региони, воедно да не ги заборавиме и тековните активности насочени кон давање на квалитетна поддршка, репроценка и на згрижувачките семејства кои се веќе во системот и имаат згрижено лица. Отсуството на психолог во тимот во наредниот период е исто така предизвик кој се јавува и како ризик во ситуации кога е неопходна одлуката за